ПРВ МАКЕДОНСКИ ФЕСТИВАЛ ПО ПОВОД НЕЗАВИСНОСТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Во организација на Македонската заедница во Њу Џерси, заедно со весникот "Македонски глас" и ОМД, на фудбалското игралиште во "Twentieth Century Filed" на "Елизабет Стрит" во Гарфилд, во државата Њу Џерси, од 14 до 16 септември ќе се одржи првиот традиционален Македонски фестивал по повод независноста на Република Македонија - 8 Септември.

Фестивалот почнува во петок, во 17 часот, а ќе заврши во недела, во 22 часот. На 8 Септември, на денот на независноста на Република Македонија, градот Гарфилд беше украсен со македонски знамиња, а за одбележувањето на овој значаен датум придонесоа и младите момчиња Македонци, кои возеа со своите автомобили низ сите улици, веејќи ги знамињата. Тие со дефилето на македонскиот етнос се претставија пред Американците и пред другите народи кои живеат на овие простори, покажувајќи дека тука живее и твори и македонскиот народ со околу 20.000 жители, опстојувајќи со својата култура, со обичаите.

На фестивалот ќе присуствуваат и градоначалниците на Прилеп и на Свети Николе, г. Марјан Ристески и г. Слободан Даневски; потоа амбасадорот во САД, г. Зоран Јолески; штотуку избраниот почесен конзул на Република Македонија во Њу Џерси, г. Славко Маџаров; претставници на Владата на Р Македонија; политичари од Америка; како и претставници од Македонската заедница од Њу Џерси и од Обединетата македонска дијаспора.

Покрај културно-уметничката програма, на фестивалот ќе бидат претставени и штандовите на неговите спонзори. Во фестивалските денови ќе се одржат и игри за деца и за млади, како и наградни игри, при што се обезбедени храна и пијалаци, со цел на јавноста да ѝ се презентираат македонската храна, музика, култура, обичаи, со еден збор да се претстави македонската традиција во најдобро светло. Ќе покажеме дека и ние Македонците постоиме и дека сме способни, како и другите народи, да организираме фестивал од поширокі размери.

Фестивалот ќе биде мотив и поттик за дружење, при што ќе се настојува што подобро да се реализираат идеите за зацврстување и за проширување на работата на Македонската заедница во Њу Џерси.

На овој прв македонски фестивал ќе биде весело, но и достоинствено, затоа што се одржува во чест на нашиот голем празник. Во овие три дена на спортскиот полигон ќе се собере Македонија во мало, ќе присуствува огромен број Македонци, како и припадници на други народности, а најверојатно ќе дојдат и многу Американци затоа што тие ги обожаваат и ги поддржуваат ваквите настани, што е и разбирливо, бидејќи се покажаа како најголеми пријатели на Македонија.

Честитки по повод 16-годишнината од македонската независност до сите граѓани Македонци, како во Република Македонија, така и до тие во дијаспората.

Браво нашинци, браво Македонци, браво млада генерацијо, зашто иднината на утрешна европска Македонија е на вас и пред вас.

Ламбе Мартиноски, САД

Рубриките ФОРУМ и ПИСМА ја отсликуваат нашата отвореност кон јавноста. Овде автентично објавуваме и текстови кои не се во согласност со нашата уредувачка политика.